РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2551/1
30-07-2026

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на 37-ма седница одржана на ден 29.07.2026 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-741/1 од 03.02.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-741/1 од 03.02.2023 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Предметот со број 08-741/1 од 03.02.2023 година е оформен по пријава во која се бара да се изврши проверка на имотната состојба на лицето ---------------, директор на -----------------------------.

По однос на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до лицето ------------------------- и побара да достави податоци за лицата кои што живеат во иста семејна заедница. Од страна на лицето беа доставени бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на -------------------------- и членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија и од финансиските институции на територија на РСМ.

ДКСК, по извршена анализа на прибавените податоци од наведените институции како и податоците од изјавата за имотна состојба и интереси поднесена од страна на именуваниот утврди дека нема несразмерно зголемување на имотот и констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот

Претседател,
Адем Чучуљ

**Изготвил:** м-р Б.С., советник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar